РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E SHOQËRISË INFORMATIKE DHE ADMINISTRATËS
Бр.-Nr. 03 – 1550/1
14. 04 2020 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија"број 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 6/19 и 110/19), а во врска со Насоките за управување и учество во иницијативата за Отворено владино партнерство и Стандардите за ко-креирање и дизајнирање на форум со повеќе засегнати страни, министерот за информатичко општество и администрација донесе

РЕШЕНИЕ

за формирање на Совет за координација и следење на процесот на Отворено владино партнерство и Националниот Акциски план за Отворено владино партнерство 2018-2020 година

Член 1

(1) Со ова решение се формира Совет за координација и следење на процесот на Отворено владино партнерство и Националниот Акциски план за Отворено владино партнерство 2018-2020 година (во натамошниот текст: Совет).

(2) Советот и Работната група со сите чинители за спроведување на Националниот Акциски план за Отворено владино партнерство 2018-2020 година, формирана со решение на министерот за информатичко општество и администрација со бр. 10/2-5355 од 30.10.2018 година (во натамошниот текст: Работна група за ОВП) ја преставуваат структурата за координација, следење и спроведување на процесот на Отворено владино партнерство во Република Северна Македонија.

Член 2

(1) Советот е советодавно тело за Отворено владино партнерство (во натамошниот текст: ОВП) на Република Северна Македонија, за координација и следење на развојот и спроведувањето на акциските планови (во натамошниот текст: АП)

(2) Советот има клучна советодавна и одлучувачка улога во сите фази на процесот на ОВП низ циклусот на планирање, во развојот на АП и во спроведувањето, следењето и известувањето за АП.

Член 3

(1) Советот се формира за да се поттикне транспарентноста и отвореноста на работата на органите на државна управа и учеството на граѓанското општество во спроведувањето и следењето на иницијативата ОВП во Република Северна Македонија, да се обезбеди меѓусекторска соработка и да се воспостават јасни, структурирани и трајни механизми за постојан дијалог меѓу властите и граѓанското општество; да се зголеми учеството на граѓанското општество во процесите на ОВП и во подготовката на акциските планови за ОВП и за поддршка, поттикнување и следење на спроведување на тековниот акциски план.

(2) Задачи на Советот се:

- да го следи спроведувањето на Националниот Акциски план за Отворено владино партнерство 2018-2020 година,
- да разгледува и предлага извештаи за спроведување на АП, согласно роковите утврдени од Владата на Република Северна Македонија и меѓународната иницијатива,
- да разгледува и предлага насоки за унапредување на процесот согласно насоките кои произлегуваат од меѓународната иницијатива,
- да ја утврдува временската рамка и начинот на спроведување на процесот на ко-креирање на АП,
- да спроведува постапка на консултации за Предлог АП и го предлага АП за ОВП до Владата на усвојување,
- да обезбедува континуиран дијалог на органите на државната управа , граѓанските организации, бизнис секторот, академската заедница, медиумите, и други претставници од засегнатата јавност за унапредување на стандардите за отвореност и транспарентност на властите.

(4) Советот своите задачи ги спроведува во тесна соработува со Националниот координатор за ОВП утврден со решение на министерот за информатичко општество и администрација со бр. 10/2-5355, 30.10.2018 година (во натамошниот текст: Национален координатор за ОВП).

(5) Органите на државната управа и носителите на спроведувањето на заложбите од акцискиот план и Работна група за ОВП се должни да доставуваат до Советот целосни информации за спроведувањето на мерките од својата надлежност.

Член 4

(1) Советот е составен од 14 члена со еднаков број членови од институциите и од граѓанското општество.

(2) Секој член може да определи свој заменик.

(3) Советот е управуван од еден претставник од органите на државната управа и еден од избраните претставници од граѓанските организации (двајца ко-претседатели).

Член 5

(1) Советот се формира од постојните членови на Работната група за ОВП на начин што секоја работна подгрупа избира свои претставници во Советот и тоа, еден претставник од органите на државната управа и еден член од граѓански организации или други засегнати страни.

(2) Претставник од меѓународна организација може да учествува во работата на Советот, без право на глас.

(3) Координаторите на приоритети од Работната група за ОВП доставуваат информација за извршениот избор и избраните претставници во Советот до националниот координатор за ОВП.

(4) За одредени специфични прашања на барање на Советот и Националниот координатор за ОВП, во работата на Советот може да се вклучат и други претставници на органите на државната управа, граѓански организации како и други стручни лица.

(5) Органите од ставот (4) од овој член задолжително се вклучуваат во работата на Советот.

Член 6

(1) Членови на Советот се:

- Маја Петковска Лесес, Кабинет на министерот без ресор задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност,
- Герман Филков, Центар за граѓански комуникации,
- Маја Коневска , Државна комисија за спречување на корупцијата,
- Миша Поповиќ, Институт за демократија „Социетас Цивилис" Скопје,

- Горан Мојаноски, Министерство за финансии,
- Дарко Антиќ, Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените,
- Надица Јосифовски, Министерство за информатичко општество и администрација,
- Мартин Тодевски, Центар за управување со промени,
- Ели Чакар, Министерство за локална самоуправа,
- Благица Димитровска, Здружение за промоција и развој на инклузивно општество, Инклузива,
- Душан Томиќ, Министерство за труд и социјална политика,
- Ивона Сталевска, Фондација Отворено општество – Македонија,
- Теодора Обрадовиќ Грнчаровска, Министерство за животна средина и просторно планирање и
- Наташа Марковска, Академија на науките и уметностите на Република Северна Македонија.

(2) На првата седница на Совет, членовите избираат двајца ко-претседатели – еден од органите на државната управа и еден од граѓанското општество.

(3) Ко-претседателите на Совет може по потреба во работата на Советот да поканураат и вклучуваат и други релевантни претставници од работната група за ОВП, органи на државната управа , граѓански организации или други засегнати страни.

(4) Советот има мандат до усвојување на Акциски план за Отворено владино партнерство за 2020-2022 година.

Член 7

(1) Работата на Советот е јавна.

(2) Советот има редовни седници најмалку на три месеци (квартално), а во периодот на подготовка на АП и почесто, доколку има потреба од тоа.

(3) Начинот на работа на Советот се утврдува со Деловникот за работа на Светот.

(4) Стручните и административните работи за Советот ќе ги спроведува тело во МИОА под раководство на Националниот координатор за ОВП и со поддршка од

членките на мрежата на граѓански организации и организацијата - координатор на мрежата.

(5) Стручните и административните работи опфаќаат:подготовка на извештаи за спроведување на АП, на предлог временската рамка и на предлог за спроведување на процесот на ко-креирање на АП, спроведување консултации и подготовка на предлог акциски план, како и административна и логистичка поддршка на активностите на Советот.

Член 8

(1) Членувањето во Советот е доброволно и без надомест.

(2) Трошоците за функционирање на Советот ги обезбедува Министерството за информатичко општество и администација. Граѓанските организации можат да учествуваат во подмирување на своите трошоци, или донатори можат да ги поддржат активностите за ОВП.

Член 9

Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

Дамјан Манчевски
Министер

Доставено до:
- Именуваните
- Одделение за управување со човечки ресурси
- Архива